
2025

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
БР. 02-2225-1
12.03 2026 ГОД.
БИТОЛА

ИЗВЕШТАЈ
за стопанското работење



ИЗГОТВУВАЧ

ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА СТОПАНСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2025 ГОДИНА

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈКП"ВОДОВОД"-БИТОЛА

ЈКП"Водовод"-Битола врши комунална стопанска дејност од посебен јавен интерес за граѓаните: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и тоа за Општината Битола и Општините Могила и Новаци.

Претпријатието претставува самостоен субјект со целосна одговорност. Со работата раководи директор на претпријатието, именуван од градоначалникот. Управувањето му е доверено на Управниот одбор, кој се состои од 9 членови.

За пратење на материјално финансиското работење од страна на Советот е оформен Одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е составен од пет надворешни члена.

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈКП "ВОДОВОД"

За извршување на основната дејност, според карактерот на работите и од аспект на раководењето, внатрешната организација е организирана по сектори и одделенија, врз основа на посебни акти; Правилник за внатрешна организација на ЈКП Водовод Битола и Правилник за систематизација на работни во ЈКП Водовод Битола.

Во ЈКП"Водовод" постојат пет сектори и тоа:

- Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за финансии, сметководство и комерција
- Сектор за технички работи и развој
- Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење
- Сектор за водоснабдителни инсталации

Просечен број на вработени, број на вработени по работни саати и број на вработени за месец декември:

Ред.бр	Структура	2025	2024	2023
1	Просечен број на вработени	205	205	213
2	Број на вработени по работни саати	223	223	233
3	Број на вработени за месец декември	199	199	208

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ВО 2025 ГОДИНА ПО СЕКТОРИ

1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ

Во склоп на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси за делуваат две одделенија:

- Одделение за општи правни работи
- Одделение за човечки ресурси

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси преку одделенијата ги извршуваат сите правни работи и работи поврзани со човечките ресурси во претпријатието во целина.

2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во склоп на Секторот за финансии, сметководство и комерција делуваат четири одделенија:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии, план и анализа
- Одделение за АОП
- Одделение за комерција

Секторите преку своите служби и оддели ги извршуваат сите сметководствени, финансиски, комерцијални и други работи за сите сектори во претпријатието во целина.

2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2025 година преку одделението за комерција на ЈКП „Водовод"- Битола се извршуваа следните работи:

1.Читање на водомерите на индивидуалните потрошувачи и претпријатијата, со исклучок на големите потрошувачи.

2.Внесување на состојбите и изготвување на сметки и фактури, како и изготвување на опомени по неплатените сметки.

3.Носење на сметките и фактурите до потрошувачите и нивна наплата.

4.Контрола на читањето и наплатата.

5.Присилна наплата кај индивидуалните потрошувачи и малото стопанство.

6.Откривање и пријавување на диви приклучоци.

7.Склучување на договори со корисниците.

8.Спроведување на јавни набавки и магацинско работење.

Дивите приклучоци и натаму се откриваат и проследуваат преку контролата, самоиницијативно и по пријава на граѓаните или инкасантите. Понатаму се прави записник и се упатува странката која има див приклучок во правна служба и кај техничарот по приклучоци, за доколку има услови истиот да се легализира и направи договор.

Во 2025 година се продолжи со читање на водомерите со телефони и нов софтвер, со што би се отфрлиле тефтерите, а сите записи се чуваат во компјутерската база на податоци. Во текот на 2025 година продолжи да се изготвуваат сметки на главните водомери во станбените објекти.

Магацинското работење подлежи на редовни и вонредни пописи.

3. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

3.1. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ

Одделението за ГИС и проектирање делува во склоп на секторот за технички работи и развој.

Во врска со електронското издавање на одобренија за градба, ЈКП „Водовод“ - Битола издава мислење за исполнување на хидротехнички услови за приклучување на објекти за кои се поднесува барање за одобрение за градба. Издадени се 94 мислења во електронскиот систем „Gradezna dozvola“ како и 23 хидротехнички услови во хартиена форма. Рокот за издавање на условите е 5 работни дена.

Во текот на 2025 во електронскиот систем на национално ниво „E-urbanizam“ во кој издаваме мислења, вцртувања на подземни инсталации и согласности за нови инфраструктурни урбанистички планови како и технички мислења по барање на Општина Битола и други правни субјекти, изработени се 186 документи. Рокот за издавање на мислењето во системот E-urbanizam е 10 работни дена.

Геометарот како дел од оваа служба редовно е на терен извршувајќи ги работите во склоп на одделението како и потребите за другите сектори.

Во текот на 2025 година е изработена проектна документација за следните објекти:

1. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улица Цане Бујуковски
2. Проект на изведена состојба за линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улиците: Милтон Манаки, Сотир Брбевски, 12-Кладенци, 15-ти Корпус, дел од улица Студенска, дел од улица Стрчин.
3. Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улиците: дел од улица Јорго Костовски - профил 1, дел од улица Јорго Костовски - профил 2, и дел од улица Трајче Магловски - профил 3
4. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улица Панде Илковски и улица Илчо Стојановски.
5. Техничко решение за линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водовод на улица Бурса.
6. Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект - реконструкција на водоводна линија на улица 7-ма Бригада - прилагодување на проектот според препораките на МЗСПП.
7. Проект за реконструкција на линиска инфраструктурена градба - реконструкција на водоводна линија на улица Даме Груев- прилагодување на проектот според препораките на МЗСПП.

3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ВОЗЕН ПАРК

Основната задача на одделението за возен парк е да се организира работата, управувањето и одржувањето на сите моторни возила како и навремено и квалитетно опслужување на работните единици во рамките на ЈКП "Водовод" Битола. Во текот на 2025 направени се вообичаени активности со редовни и периодични сервиси на возилата.

Сервисирањето на моторни возила се вршеше во сервисната работилница во стопанскиот двор на ЈКП Водовод Битола, а дел во овластени сервиси кои се избрани на тендер за давање на услуга за сервисирање на моторни возила. Исто така сервиссирањетоо на новите моторни возила се сервисираат во овластени сервиси согласно гарантниот рок.

Година	ВИД НА ГОРИВО		ВКУПНО (литри)
	БЕНЗИН (литри)	ДИЗЕЛ (литри)	
2023	2.828	36.109	38.937
2024	3.103	33.751	36.854
2025	**2.186**	**31.743**	**33.929**

Во текот на 2025 година е потрошено вкупно **33.929** литри гориво што се за 7,9% намалени во споредба со минатата година кога беа потрошени 36.854 литри гориво. Намалување има кај дизел горивата за 2.008 литри, што е за 5,9% помалку во споредба со мината 2024 година, а исто така има намалување и кај бензините за 917 литри односно намалување од 30% во споредба со минатата година.

3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ПОПРАВКА НА ДЕФЕКТИ

Одделението за откривање и поправка на дефекти во текот на 2025 година имаше активна улога во работата на ЈКП Водовод Битола во рамките на делокругот на своето овлстување. Со континуираното работење околу подобрување на функционалноста на SCADA системот. Одделението зеде активна улога за подобрување на тендерска документација за одржување на SCADA исто така и беше активно вклучена во изготвувањето на тендерска документација за воведување на тендер за резервна опрема за SCADA системот со кој што ќе имаме постојана покриеност на сите елементи од SCADA системот во случај на дефект на било кој дел од комплексниот систем.

Од страна на оддлението е правена редовна месечна контрола на СКАДА системот при која се проверува функционалноста сите уреди од секоја мерна станица како што се: ПЛЦ контролер, рутер, сензори, дренажни пумпи, осигурувачи,релиња, вентилатори, греачи итн. За секоја месечна контрола е напишан извештај во кој е документирана состојбата на секоја мерна станица и проблеми за истата.

Во текот на 2025 година направени се следните интервенции на СКАДА системот: 1. Замена на расипан рутер во мерна станица Село Лавци преку која се врши мониторинг на ниво на резевоар и количина на хлор во вода за снабдување на викенд населбата. При истата интервенција мерната станица целосно е во функција. 2. Замена на расипан рутер во мерна станица Новаци при што е воспоставена контрола и мониторинг на СКАДА систем.

3. Замена на сонди за мерење на притисок во цевковод за мерни станици: Габалавци, Секирани. 4. Набавка на 2 протокомери. Набавени се инсертни протокомери за мерење на проток на вода за резервоар Овчи Баир и Вкупна Сирова вода која се презема во Филтерница.

Од страна на одделението целосно се изведени и имплементирани интервенции на СКАДА систем 2 мерни станици на нова водоводна линија Поешево и Логоварди, каде што од страна на сопствен кадар е направена целосна изведба.

Одделението во текот на 2025 година по барање на службите во Општина Битола изработуваше пресметки за водоводни проекти кои се планираат за изведба и исто така даваше стручна помош, координација и надзор при изведба на следните проекти:

1. Реконструкција на улица "Стив Наумов' 2. Изградба на нов цевковод за снабдување со питка вода во Општина Могила кон село Лознани.

Одделението е активно вклучено ве текот на целата година за пополнување на прашалници од наразлични институции и организации кои што се од водоводната сфера, а во кои ЈКП Водовод Битола активно учествува а тоа се: IBNET, EBC.

4. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ , ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ

Во текот на 2025 година објектот Филтерница заедно со пумпната станица - Довлеџик успешно ја заврши својата работа испорачувајќи ги потребните количини на чиста вода за пиење на конзумното подрачје на градот и околините селски населби.

Во 2025 година „Одделот за водоснабдителни објекти„ ги изврши следните планирани и тековни активности;

- Тековно одржување на хлоринаторската опрема и апарати.
- Тековно одржување на SCADA системот (промена на мерачи на проток и притисок, сервисирање на дренажни пумпи, одржување на ел ормари)
- Чистење на брана Сапунчица, Лак поток, Црвена и резервоар на Сапунчица
- Пуштање во функција на ударо гасителите на пс. Довлеџик
- Промена на елементите од потисниот цевковод за втора пумпа на пс. Довлеџик. Тековни работи околу одржавање на филтерницата и објектите на водовод

Генерално, поголемиот дел од сирова вода е испорачана преку системот Драгор. Во текот на 2025 година преработени се **16.618.568 м3** што е за 16.657 м3 вода помалку во споредба со 2024 година кога беа преработени **16.635.225 м3** вода и тоа:

	2024	**2025**	**индекс**
	м^3	**м^3**	
Вкупна вода:	**16.635.225**	**16.618.568**	**99,89 %**
Во ова вкупна вода влегува и превземената вода од ЈП Стрежево и тоа:			
Алим.канал ЈП"Стрежево" и Пумпна ст. "Довлеџик"	**7.718.776**	**6.451.409**	**83,58 %**

или од сопствени извори **61,18%**, а од ХС "Стрежево" учеството е **38,82%.**

Произведена чиста вода **15.817.513 м3**, а испорачана вода во мрежата кон корисниците **15.755.213 м3** вода. Оваа **2025** година, како и 2024 година, испорачаната чиста вода е повисока од претходните години кога не беше инсталиран **SCADA** системот и хидроцентралата Довлеџик, ХЕП Водовод.

Прелив на чиста вода во полноводие за производството на електрична енергија од **661.325 м^3** вода, кое што е за 4% помалку во споредба со минатата 2024 година, каде што беа испуштени **687.852 м^3** вода.

За производство на вода потрошени се одредени количини на репроматеиријали и тоа; течен хлор **23.694 кг,** што е за 1% помалку во споредба со лани, а потрошен е хипохлорид вкупно **6.000 литри** или 5% повеќе во однос на минатата година. Со воведувањето на компјутерски мониторинг, за надгледување на водоводни-от систем, кој ќе се состои од софистицирани водомери и мерни инструменти, дел од нив се активирани, а дел се во фаза на поставување на критични точки за да се прати движењето на водата и навремено да се реагира, со што осетно ќе се намалат загубите од вода.

4.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И ТРЕТАМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Оваа година во нашата лабораторија беа направени вкупно 2.898 физичко хемиски и 2.584 микробиолошки анали на сирова и преработена вода од филтерска станица и од целата дустрибутивна мрежа.

Во текот на 2025 год, покрај анализите направени во нашата интерна лабораторија, направени се уште 4 периодични анализи со испитување на пестициди, радиоктивност, тешки метали во ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. и резултатите од 4 анализи покажуваат дека водата за пиење одговара според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл. весник бр.183/2018 год.) на Република Македонија. Оваа година направена е анализа на трихалометани во Центарот за санитарна контрола на ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје и истите не се детектирани во водата за пиење.

Во периодот од годината кога се користи вода од акумулација „Стрежево“ и кога температурата на водата е највисока, а со тоа и можноста од појава на зголемена концентрација на фито и зоопланктон е поголема, направена е и биолошка анализа на сирова и финална вода во Хидробиолошки завод од Охрид. Анализата покажа дека процентот на задржување по однос на зоопланктон е 100%, а по однос на фитопланктон ефикасноста на филтрите изнесува 89,44%. Овој резултат се должи на успешно спроведен процес на коагулација, како и на подобрената работа на филтерските полиња.

Од страна на Центарот за јавно здравје направени се околу 290 хемиски и микробиолошки анализи и истите се 100% исправни.

Исто така од страна на оваа установа се прават редовните санитарни прегледи на лицата што се во директен контакт со водата.

Оваа година имавме аудит и од ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. за целокупната работа на филтерската станица и истата беше високо оценета. Исто така беше извршен аудит и од Агенција за храна и ветеринарство подрачна единица Битола и костантирано беше фактичката состојба на фабриката за преработка на водата е уредна.

5. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ИНСТАЛАЦИИ
5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

Основната дејност на одделението е: одржување на градска и приградска мрежа, монтирање на нови водоводни линии, како и приклучоци во индивидуални станбени згради и индустриски објекти, одржување на доводните магистрални линии и други работи од делокругот на работата на овој оддел како што се: поставување, одржување и поправка на затварачи, хидранти, прочистување на водоводни линии во крајните делови со отворање на крајните затворачи и прочистување на истите.

Одделението во текот на извештајната **2025** година, има извршено реконструкција на дел од градската мрежа и по тој основ се монтирани (променети) водоводни линии во должина од **8.999,81 метри** и со вкупна сума од **32.779.393,00 денари.**

Во **2025** година изведени се реконструкции или целосно нови водоводни линии, според заедничка Програма на Општина Битола и ЈКП „Водовод" при што се заменети азбест-цементни цевки и поцинкувани цевки од различни профили со нови пластични цевки од сите видови. Во текот на 2025 година извршена е реконструкција и промена на нова водоводна градска и приградска мрежа и тоа;

1.ИНВЕСТИТОР – ОПШТИНА - БИТОЛА
РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2025 год.

Објект		должина (m)	ПЕ - Ф	сума
Поешево-Логоварди-авансна				5,869,921.00
Поешево-Логоварди-I времена		1868.81	110	4,557,274.00
Поешево-Логоварди-II времена		4100.00	160	4,547,917.00
Поешево-Логоварди-III времена		1000.00		4,364,899.00
СТУ 3		300.00	110	1,999,999.00
Поешево-Логоварди-IV времена		900.00	160	7,252,832.00
СРУ 5		311.00	160	2,096,932.00
Поешево-Логоварди-завршна				1,884,437.00
Борис Кидрич (13-ти јули)		20.00	110	205,182,00
		8,499.81	**Вкупно :**	**32,779,393.00**

5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА

Одделението водомерна работилница делува во склоп на Секторот "Водоводни објекти и инсталации", а основна дејност е сервисирање и баждарење на сите мерни инструменти (водомери), од целокупната водоводна мрежа.

Покрај основните работни задачи, во текот на годината се правеше континуирана припрема на опремата која подлежи на калибрација и годишна верификација од страна на Бирото за метрологија. Тоа подразбира редовно одржување и сервис на целокупната апаратура за баждарење на водомери.

Во текот на 2025 год. од водовоната мрежа се извадени 791 водомери, од кои 739 со профил 1/2" и 3/4", а остатокот: 52 водомери со профил 1" до Ф200 mm.

Оваа година е извршено баждарење на сите водомери кои се извадени од водоводната мрежа со која стопанисува претпријатието, истовремено е направено вонредно баждарење преку бирото за метрологија на 50 водомери, со вградени стари механизми (кои можат да се искористат), воедно е направено второ барање за дополнително вонредно баждарење на уште 50 водомери.

Од службата за наплатната (инкасанти) во текот на 2025 година се добиени 980 известија, истовремено се изготвени 678 налози за работа од јавувања на странки. Мора да се напомене дека во 2025 година вадењето на водомери се вршеше со два извршители, придружувани од два општи работници.

ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

ЈКП "Водовод" тековната **2025** година, ја заврши со негативен финансиски резултат, односно бруто загуба од **53.873.258,00** денари

Билансот на успех за **2025** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **294.073.720,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **347.946.978,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **53.873.258,00** ден.

Прикажаната загуба се должи на лошите временски услови во поголемиот дел од 2025 година што доведе до **зголемување на трошоците за набавка на сурова вода**, а со тоа и се **зголемени и трошоците за потрошена електрична енергија, како и зголемувањето на бруто платите за 8% во споредба со минатата година.**

Вкупно остварениот приход изнесува **294.073.720,00** денари и е зголемен за 3% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 91%. Приходите од продажба изнесуваа 275.231.971,00 денари, кои се за 5% зголемени во споредба со минатата година, а планот е реализиран 99%.

Вкупно остварениот расход изнесува **347.946.978,00** денари и е за 1% зголемен во споредба со вкупниот расход од минатата година. Материјалните трошоци бележат намалување од 7% во споредба со минатата година, а нематеријалните трошоци бележатзголемување за 16% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 81%.

Остварената вкупна реализација во физички обем од вода за 2025 година изнесува **6.019.807 м^3**, што е за 23.498 м3 повеќе во споредба со минатата година, од кои домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 72%, а правните лица со 28%. Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **248.982.636,00** денари од кои домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 61%, а правните лица со 39%.

Амортизацијата на основните средства е извршена со примена на пропишаните стапки согласно номенклатурата за амортизација и истата изнесуваше **22.355.408,00** денари, што е за 20% намалена во споредба со минатата година.

Вкалкулираните **бруто плати** изнесуваа **159.970.051,00** денари, што е зголемување за 9% во споредба со минатата година, **нето** платите изнесуваа **104.989.600,00** денари и истите се исплатени согласно законот за плати.

Број на вработени според состојбата на крајот на месецот декември 2024 изнесуваше **199** вработени. Просечниот број на вработени за 2025 година изнесуваше 205 вработени.

Оперативното работење резултира со бруто загуба од **53.873.258,00** денари, бидејќи со приходите не се овозможи покривање на зацртаната програма и планот за работа за **2025** година.

Резултатите од работењето ќе ги согледаме од следниот табеларен преглед:

I ПРИХОДИ


1. Д И Н А М И К А

на деловниот резултат за 2025 година

Во 000 ден

ред.бр	ЕЛЕМЕНТИ	Остварено 2024	План 2025	Остварено 2025	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	**Вкупен приход**	**284,797**	**323,119**	**294,074**	**103%**	**91%**
	Приходи од продажба на производи и услуги	261,894	277,821	275,232	105%	99%
	Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти	9,698	9,698	9,698	100%	100%
	Приходи од сопствено учество	235	15,500	41	17%	0%
	Останати деловни приходи	12,970	20,100	9,103	70%	45%
2	**Вкупни расходи**	**346,600**	**321,662**	**347,838**	**100%**	**108%**
	Материјални трошоци со амортизација	163,748	122,986	148,320	91%	121%
	Нематеријални трошоци	34,240	49,121	39,548	116%	81%
	Бруто плати	148,612	149,555	159,970	108%	107%
3	**Вкупно добивка (загуба)**	**-61,803**	**1,457**	**-53,764**	**87%**	
4	**Пресметан данок од добивка**		**146**			0%
5	**Нето добивка (загуба)**		**1,311**			0%

Графички приказ на остварениот приход, расход и добивка за период 01.01-31.12.2025 година во 000 денари



графикон 2

-Од прикажаниот преглед можи да се заклучи :

Остварениот вкупен **приход** во текот на 2025 година изнесува **294.073.720,00** денари, што е зголемен за 3% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 91% .

Вкупните **расходи** изнесуваа **347.946.978,00** денари што се зголемени за 1% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 108%.

Во текот на 2025 година беа реализирани приходи од извршени услуги во поврзани субјекти. Овие приходи се реализирани од **ХЕП „Водовод“** преку закупнина и консалтинг услуги. Остварениот приход изнесуваше **9.698.408,00** денари, што е еднаков во споредба со минатата година а планот е реализира со 100%.

Според структурата динамиката на вкупниот **приход** е следна :

I Вкупни приходи;

2. Д И Н А М И К А
на приходите во 2025 година

во денари

Конто	ВИД НА ПРИХОД	ОСТВАРЕНО 2024	ПЛАН 2025	ОСТВАРЕНО 2025	ИНД.5/3	ИНД.5/4
1	2	3	4	5	6	7
730	ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ	9,698,408	9,698,408	9,698,408	100	100
740	ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА	261,894,068	277,821,000	275,231,971	105	99
745	ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП ПРОИЗВОДСТВО	235,041	12,500,000	40,962	17	
764	ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ	1,436,615	1,550,000	52,688	4	3
765	ПРИХОД ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ	2,613,409	3,550,000	4,400,857	168	124
767	ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ	749,401		577,902	77	
769	ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВ, СУД, ИЗВРШ, МАНИПУЛ)	5,882,142	15,500,000	865,245	15	6
774	ПРИХОДИ ОД КАМАТИ	2,288,157	2,500,000	3,205,687	140	128
	ВКУПЕН ПРИХОД	**284,797,241**	**323,119,408**	**294,073,720**	**103**	**91**

Од компаративниот преглед за движењето на приходите во **2025** година може да се забележи следната динамика;

- Приходите од продажба кои се во висина од **275,231,971,00** денари и се за 5% зголемени во споредба со минатата година, кои учествуваат со 99% од вкупните приходи за 2025 година
- Зголемување има и кај приходите од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски кои се во висина од 4.400.857,00 денари и се за 68% зголемени во споредба со минатата година.
- Зголемување има и кај приходи од камати за 40% во споредба со минатата година.

Формирањето на вкупниот приход беше по следните цени:

Ред. бр	Категорија на потрошувачи	Цена мз/ден За 2026 година
1	Домаќинства	35,05 ден.
2	Правни лица	58,53 ден.

Од 01.01. до 30.06 2024 година цената на водата се пресметува според пресметаната стара цена на вода од 2023 година. Од 01.07. 2024 година се пресметува формирана по цени согласно решение од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Р.М. УП1 бр. 08-237/23 од 13.06. 2024 година за регулиран период од 2024, 2025 и 2026 година.

3. Д И Н А М И К А
на фактурирана реализација по Сектори и одделенија за 2025 година

во 000 ден.

ред.бр	Категорија на потрошувачи	Остварено 2024	ПЛАН 2025	Остварено 2025	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	**Сектор за Водоснабдителни инсталации**	**260,580**	**265,552**	**273,862**	**105%**	**103%**
*	Реализација од вода	232,970	251,952	248,953	107%	99%
*	Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци	27,101	12,500	24,486	90%	196%
*	Одделение Возен парк	24	9,500			
*	Одделение Водомерна работилница	485	1,100	423	87%	38%
2	**Сектор за финасии сметководство и комерција**	**1,314**	**1,700**	**1,314**	**100%**	**77%**
*	Одделение за сметководство	1,314	1,700	1,314	100%	77%
3	**Вкупно 1+2**	**261,894**	**267,252**	**275,176**	**105%**	**103%**

Од табеларниот преглед за динамиката на фактурираната реализација по сектори и одделенија може да се согледа следното:

1.1. Сектор за „Водоснабдителни објекти и инсталации" оствари фактурирана реализација во висина од **273.862.000,00** денари што е за 5% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 103%.

Според структурата на фактурираната реализација се бележи следната динамика:

Реализацијата од вода изнесува **248.982.636,00** денари и е зголемена за 7% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 99%.

а) **Одделението за „Водоводна мрежа и приклучоци"** оствари реализација од **24.486.760,00** денари што е за 10% намалена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 196%.

б) **Одделението за „Водомерна работилница"** оствари реализација во висина од 423.387,00 денари која е намалена за 13% во споредба со минатата година. Во однос на планот истата е реализирана со 38%.

2.1. Сектор за „Финансии, сметководство и комерција " оствари реализација во висина од **1.314.000,00** денари што е на истото ниво во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 77%.

1+2 Вкупната фактурирана реализација по сектори изнесува **275.176.000,00** денари, што е за 5% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 103%.


3. ДИНАМИКА

на реализација од вода по категории на потрошувачи во физички обем

во М3

ред.бр	Категорија на потрошувачи	Остварено 2024	ПЛАН 2025	Остварено 2025	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	5	4	5	6	7
1	Домаќинства	4,388,430	4,600,000	4,347,954	99%	95%
2	Правни лица	1,607,879	1,550,000	1,671,853	104%	108%
	Вкупно	5,996,309	6,150,000	6,019,807	101%	98%

Графички приказ на остварениот физички обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2025 година во м3 ден.



графикон 2

Од компаративниот преглед на динамиката на остварената реализација во физички обем, може да се согледа дека во текот на 2025 година се реализирани **6.019.807 м^3** што се за 1% поголеми во споредба со минатата година. Планираниот физички обем е реализиран со 98% .

Според структурата ја бележиме следната динамика :

- кај домакинствата реализираниот физички обем е намален за 1% во споредба со минатата година. Планираниот обем е реализиран со 95%.
- кај правните лица реализираниот физички обем е зголемен за 4% во споредба со мината година, а планот е реализиран со 108%.

Домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 72%, а правните лица со 28%

.


5. ДИНАМИКА

на остварениот финансов обем на реализација од вода за 2025 година

Во 000 ден.

ред.бр	**Категорија на потрошувачи**	Остварено 2024	ПЛАН 2025	Остварено 2025	Инд. 5/3	Инд. 5/4
1	2	3	4	5	6	7
1	Домаќинства	145,216	161,230	151,678	104%	94%
2	Правни лица	87,754	90,722	97,305	111%	107%
	Вкупно	232,970	251,952	248,983	107%	99%

Графички приказ на остварениот финансов обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2025 година во 000 ден.



графикон 3

Од прикажаниот компаративен преглед за динамиката за остварениот финансов обем на реализација од вода за 2025 година, може да се согледа следното:

Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **248.982.636,00** денари што е 7% поголем во споредба со лани, а планот е реализиран со 99%.

- Кај **домаќинствата** имаме реализација на финансовиот обем на вода во висина од **151.677.838,00** денари и бележи зголемување за 4% во споредба со лани, а планот со 94%.

- Кај **правните лица** имаме реализација на финансовиот обем на вода од **97.3045798,00** денари и бележи зголемување за 11% во споредба со лани, а планот е реализиран со 107%.

Домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 61%, а правните лица со 39%.

II РАСХОДИ

5. ДИНАМИКА


на расходите во 2025 год.

Во денари

Назив	ОСТВАРЕНО 2024	ПЛАНИРАНО 2025	ОСТВАРЕНО 2025	ИНД. 5/3	ИНД. 5/4
2	3	4	5	6	7
ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ	66,340,361	38,000,000	63,282,030.52	95%	167%
ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ	3,243,195	2,200,000	4,063,458.00	125%	185%
ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА	46,208,074	30,000,000	35,927,136.58	78%	120%
ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	833,149	355,000	1,656,395.50	199%	467%
ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ	1,996,499	1,750,000	2,063,538.00	103%	118%
УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА	5,417,955	7,500,000	7,755,849.00	143%	103%
ЗАКУПНИНА	120,000	1,060,941	110,000.00	92%	10%
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	1,090,668	1,100,000	799,622.00	73%	73%
ОСТАНАТИ УСЛУГИ	10,697,783	10,520,000	10,415,792.00	97%	99%
ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	9,753,064	12,500,000	11,177,358.00	115%	89%
ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ	165,697	120,000	286,977.00	173%	239%
НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ	566,897	706,000	474,086.00	84%	67%
ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО	789,464	870,000	739,464.00	94%	85%
СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ	2,116,794	2,130,000	1,572,593.00	74%	74%
ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	338,834	385,000	354,861.00	105%	92%
ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ	2,891,716	15,000,000	6,006,667.00	208%	40%
БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ	975,027	780,000	1,160,396.00	119%	149%
ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ	537,441	580,000	379,052.00	71%	65%

ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ.	1,216,725	1,250,000	592,244.00	49%	47%
ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА	7,911,253	7,550,000	8,328,172.00	105%	110%
ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗБЕДУВАЊЕ) НА ЗАЛИХИ	1,572,316		1,011.15	0%	
ЗАГУБИ ОД РАСХОДУВАЊЕ И ПРО.	113,337		7,778.00	7%	
КУСОЦИ,КАЛО, РАСТУР,РАСИПУВАЊЕ И КРШЕЊЕ	17,045		7,935.79	47%	
КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ	530,521	250,000	835,550.00	157%	334%
ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО	2,719,940	5,600,000	5,719,196.64	210%	102%
РАСХОДИ ОД КАМАТИ	2,023,919	1,350,000	1,904,356.00	94%	141%
ВКУПНО материјални трошоци	**135,947,684**	**92,485,941**	**126,073,822**	**93%**	**136%**
ВКУПНО нематеријални трошоци	**34,239,990**	**49,071,000**	**39,547,698**	**116%**	**81%**
ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци	**170,187,674**	**141,556,941**	**165,621,519**	**97%**	**117%**
ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА	27,800,460.00	30,000,000	22,355,408.00	80%	75%
ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација	**197,988,134**	**171,556,941**	**187,976,927**	**95%**	**110%**
ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА	148,612,180	110,000,000	159,970,051.00	108%	145%
РАСПОРЕД НА ТРОШОЦИТЕ	**346,600,314**	**281,556,941**	**347,946,978**	**101%**	**124%**

Графички приказ на материјални, нематеријалните трошоци и вкалкулираните плати за период 01.01.-31.12. 2025 година во 000 ден.



графикон 4

II Вкупни расходи;

1.2. **Вкупните расходи** изнесуваат **347.946.978,00** денари и се зголемени за 1% во споредба со минатата година, а од планот е реализиран со 108%.

а) Според структурата, деловните расходи ја бележат следната динамика:

- **материјалните трошоци** изнесуваат **126.073.822,00** денари и се намалени за 7% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 136%..
- **нематеријални трошоци** кои изнесуваат **39.547.698,00** денари и се зголемени за 16% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 81%.
- **вкупните материјални и нематеријални трошоци со амортизацијата** кои изнесуваат **187.976.927,00** и се намалени за 5% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 109%.

2. **Амортизацијата** изнесува **22.355.408,00** и е намалена за 6% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 93%.
3. **Вкалкулираните плати** изнесуваат **159.970.051,00** денари и се зголемени за 8% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 107%.

6. Д И Н А М И К А
на материјалните трошоци за 2025 - аналитика

Конто	Назив	ОСТВАРЕНО 2024	ОСТВАРЕНО 2025	ИНДЕКС 4/3
1	2	3	4	5
40000	ПОТРОШЕНА СИРОВА ВОДА	50,008,926.00	41,740,616.00	83%
40001	ПОТРОШЕНИ ХЕМ. И ДР. МАТ.	4,562,453.00	5,101,361.00	112%
40040	ПОТРОШЕНО РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ	10,966,131.00	14,952,031.24	136%
40041	ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-ВОЗЕН ПАРК	802,850.61	1,488,022.28	185%
40100	ПОТРОШЕНО КАНЦЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ	789,567.00	651,060.00	82%
40110	ПОТРОШЕНО ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ	2,453,628.00	3,412,398.00	139%
40200	ПОТРОШЕНО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	42,464,845.00	31,908,999.00	75%
40284	ПОТРОШЕН МАЗУТ	2,061,429.00	1,738,070.00	84%
40285	ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА	1,641,048.00	2,243,016.00	137%
40286	ПОТРОШЕНО МОТОРНИ МАСЛА АНТИФРИЗ И ДР.	40,751.72	37,051.58	91%
40700	СИТЕН ИНВЕНТАР-ОТПИС	833,148.50	1,656,395.50	199%
41100	ТРОШОЦИ ЗА ПТТ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА	907,854.00	824,321.00	91%
41110	ТРОШОЦИ ЗА ПИСМОНОСНИ УСЛУГИ	89,890.00	72,094.00	80%
41120	ПРОВИЗИЈА ЗА НАПЛАТА НА СМЕТКИ 5%	876,325.00	1,040,723.00	119%
41130	ДРУГИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ	122,430.00	126,400.00	103%
41300	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ	3,133,518.00	5,632,134.00	180%
41310	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗЕН ПАРК	774,038.00	438,341.00	57%
41320	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДР. СРЕДСТВА	1,510,399.00	1,685,374.00	112%
41400	ЗАКУПНИНА НА ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ	120,000.00	110,000.00	92%
41539	ТРОШОЦИ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА		8,732.00	

41541	ТРОШОЦИ ЗА ЃУБРЕ	386,634.00	386,004.00	100%
41549	ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	12,261.00	97,028.00	791%
41560	УСЛУГА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТАРИНА	26,243.00	31,930.00	122%
41590	ДРУГИ НЕПРОИЗВОДНИ ЗАНАТСКИ УСЛУГИ	53,807.00		0%
41595	ДРУГИ УСЛУГИ	611,723.00	275,928.00	45%
41900	ТРОСОЦИ ЗА ИСТАК. НА ФИРМИ И РЕГИСТР. НА ВОЗИЛА	195,722.00	236,078.00	121%
41940	УСЛУГИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ, АТЕСТИРАЊЕ НА ДОБРА И УСЛУГИ	885,719.00	684,936.00	77%
41950	ТРОШОЦИ ЗА ТЕНДЕРИ	237,283.00	193,263.00	81%
41990	УСЛИГИ ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ	9,379,059.00	9,301,515.00	99%
42029	СИЗ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ		1,771,179.00	
42200	ОТПРЕМНИНА	700,670.00	1,108,559.00	158%
42220	ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ	372,674.00	1,411,233.00	379%
42230	РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР	5,688,896.00	6,256,161.00	110%
42240	ПОМОШТИ	1,840,792.00	2,288,262.00	124%
42250	НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК	1,094,532.00	5,556.00	1%
42260	ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	55,500.00	106,987.00	193%
44000	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО ЗЕМАТА	154,815.00	279,390.00	180%
44001	ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО	10,882.00	7,587.00	70%
44150	ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	221,500.00	152,800.00	69%
44160	УСЛУГИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И СЕМИНАРИ	139,946.00	208,607.00	149%
44161	УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЈЕ	47,091.00	80,079.00	170%
44162	ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ	158,360.00	32,600.00	21%
44299	ТРОШОЦИ ЗА УО И НО	789,464.00	739,464.00	94%
44320	СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ	1,895,687.00	1,463,707.00	77%
44330	СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА	221,107.00	108,886.00	49%
44401	ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА	338,834.00	354,861.00	105%
44500	ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАНЕ	2,891,716.00	6,006,667.00	208%
44600	НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ	851,337.00	1,038,706.00	122%
44610	НАДОМЕСТ НА БАНКАРСКИ УСЛУГИ ЗА KWB	4,292.00	4,292.00	100%
44620	ПРОВИЗИЈА ЗА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА KWB	119,398.00	117,398.00	98%
44700	ДАНОК НА НЕДВИЖНОСТИ	135,677.00	135,677.00	100%
44730	ЧЛЕНАРИНА НА ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА	231,253.00	153,580.00	66%
44790	ТРОШОЦИ ЗА СУДСКИ ИЗДАТОЦИ	95,156.00	32,570.00	34%
44791	АДМИНИСТРАТ ТАКСИ И ИЗДАТОЦИ	75,355.00	57,225.00	76%
44904	УСЛУГИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ВРЕДНОСТ НА ДРУШТВОТО		7,777.00	
44941	ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНАРИНА ЗА ЛИЦЕНЦИ	38,358.00	75,178.00	196%
44950	ТРОШОЦИ ЗА АДВОКАТСКИ УСЛУГИ	1,147,903.00	563,439.00	49%
44991	ОСТАНАТИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ	30,464.00	-54,222.00	-178%
44995	ДРУГИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШЦИ		72.00	

45500	ОТПИС ИСПРАВКА НА НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА	7,911,253	8,328,172.00	105%
45510	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА		11.15	
45560	ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗБЕДУВАЊЕ) НА МАТЕРИЈАЛИТЕ, ОТПИС И ИСПРАВКА	1,572,316.38		
46000	РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА	113,337	7,778.00	7%
46420	КУСОЦИ НА РЕЗЕРВНИТЕ ДЕЛОВИ	17,046	7,935.79	47%
46440	КУСОЦИ НА ПАРИ И ДРУГИ СРЕДСТВА		1,000.00	
46800	КАЗНИ ПЕНАЛИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ	530,521.00	835,550.00	157%
46831	НАДОМЕСТОК НА ШТЕТИ КОН ТРЕТИ ЛИЦА			
46900	ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ	2,719,940.00	5,557,688.54	204%
46990	РАСХОДИ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ		161,508.10	
47401	КАМАТИ ОД КРЕДИТИ ОД KFW БАНКА	1,647,580.00	1,542,972.00	94%
47410	КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА	376,339.00	361,384.00	96%
	ВКУПНО Материјални Трошоци	**135,947,683**	**126,073,822**	**93%**
	ВКУПНО Нематеријални Трошоци	**34,239,991**	**41,318,277**	**121%**
43000	АМОРТИЗАЦИЈА ПО МИНИМАЛНИ СТАПКИ	27,800,460	22,355,408.50	80%
	ВКУПНО Материјални Трошоци со амортизација	**163,748,143**	**148,429,230**	**91%**
42000	ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ	148,612,180	158,198,872.00	106%
	ВКУПННО РАСХОДИ	**346,600,314**	**347,946,379**	**101%**

III ВКУПНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

Билансот на успех за **2025** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **294.073.720,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **347.946.978,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **53.873.258,00** ден.

Оправитвното работење резултира со бруто загуба од **53.873.258,00** денари, бидејќи со приходите не се овозможи покривање на зацртаната програма и планот за работа за **2025** година.

Март 2026;

Изготви:

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ
ПЛАН И АНАЛИЗА

ЈКП "ВОДОВОД" БИТОЛА